Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Педагошка Служба - Shërbimi Pedagogjik
Скопје - Shkup

| Примено: Pranuar: | 21 APR 2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njësia Org. | Број: Numër: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlerë: |
| 26 | 443/2 | | |

До

Националната комисија за учебници при

Министерството за образование и наука на

Република Северна Македонија

**ПРЕДМЕТ: Извештај на членот известител проф. д-р Михајло Марковиќ за наставниот предмет Албански јазик за VIII (осмо) одделение во основното образование**

Согласно одлуката на Националната комисија за учебници, донесена на својата седница одржана на 2.4.2026 година, избран сум за член известител за наставниот предмет Албански јазик за VIII (осмо) одделение во основното образование. По разгледување на материјалите доставени од Педагошката служба при Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија по електронски пат на 6.4.2026 година, а согласно член 9 и член 14 од Законот за учебници во основно и средно образование, објавен во Службен весник на РСМ, бр. 3 од 3.1.2025 година, го поднесувам следниот

**ИЗВЕШТАЈ**

**за наставниот предмет Албански јазик за VIII (осмо) одделение во основното образование**

Бирото за развој на образованието согласно дописот на Педагошката служба на МОН со бр. 26-49/40 од 28.1.2026 доставило стручно мислење за ракописите со шифра 5, 6, 7 и 8, со архивски бр. 26-49/50 од 18.2.2026 година, потпишани од Комисија во состав од Масар Авдију, координатор/советник, и Ајше Селмани, член. Тие напишале детални стручни и аргументирани мислења за истите и дале негативно мислење за двата ракописи со шифра 5 и шифра 7, а дале **позитивно мислење за ракописите со шифра 6 и шифра 8**.

Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Емине Шабани, проф. д-р Арлинд Фаризи и Лирије Даути, дава стручно сумарно мислење бр. 26-386/12 од 26.3.2026 година. По разгледувањето на ракописот со шифра 6 и детална анализа на истиот, согласно методологијата за вреднување, забелешките и стручното мислење на членовите на комисијата, дадено е **позитивно** мислење на ракописот за учебник по **Албански јазик за VIII (осмо) одделение во основното образование** со **шифра 6** кој целосно ги исполнува стандардите предвидени со методологијата во сите подрачја. Како таков претставува современ, функционален и педагошки оправдан наставен материјал и со целосно право се предлага за избор и употреба во наставниот процес. Истата Рецензентска комисија дава стручно сумарно мислење бр. 26-386/7 од 26.3.2026 година. По разгледувањето на ракописот со шифра 8 и детална анализа на истиот, согласно методологијата за вреднување, забелешките и стручното мислење на членовите на комисијата, дадено е **негативно** мислење на ракописот за учебник по **Албански јазик за VIII (осмо) одделение во основното образование** со **шифра 8**, за којшто во Извештајот се вели дека не ги задоволува условите за избор и не се препорачува за употреба во наставниот процес.

Дополнително, на 30. 3.2026 година со архивски број 26-368/14 и 26-368/13, членовите на Рецензентската комисија проф. д-р Емине Шабани и проф. д-р Арлинд Фаризи поднеле Изјави во кои од лични, субјективни и објективни причини се иземаат од членови на Комисијата за рецензенти за учебникот за Албански јазик за VIII (осмо) одделение во основното образование и од Електронската база за рецензенти при МОН – Педагошка служба. При консултации со Правната служба и со Педагошката служба при МОН, како член известител добив образложенија дека ваквите Изјави се бесправни, бидејќи Комисијата веќе дала свои мислења за ракописите (заверени и потпишани) на 26.3.2026 година, а Изјавите за повлекување двата члена ги поднеле на 30.3.2026 година.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Согласно наведеното, мислењата на Бирото за развој на образованието и на Рецензентската комисија, како и образложенијата и сугестиите на Правната служба и на Педагошката служба при МОН, на членовите на Националната комисија за учебници како член известител за наставниот предмет **Албански јазик за VIII (осмо) одделение во основното образование** со **шифра 6** им предлагам да ги прифати Извештаите на Бирото за развој на образованието и на Рецензентската комисија - ракописот со шифра **6 да го прифати** за учебник по **Албански јазик за VIII (осмо) одделение во основното образование** и да се продолжи понатамошната процедура за издавање и употреба на истиот.

Тетово, 20.4.2026 година

Известител,

проф. д-р Михајло Марковиќ